РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1695/3
02-06-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 32-седница одржана на 22.05.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 12-1695/1 од 07.04.2026 година, во која се изнесени наводи против Градоначалникот на Општина ------------- поради сомневање за незаконско именување на вршители на должност на директор во ООУ „---------------" с.-----------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по предметот, поради тоа што во предметниот случај од страна на подносителот повлечена е поднесената пријава.

Предметот со број 12-1695/1 од 07.04.2026 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, група загрижени вработени во ООУ „------------------" с.--------------, на ден 07.04.2026 година до ДКСК доставена е пријава во која се изнесени наводи против Градоначалникот на Општина -----------, поради сомневање за незаконско именување на двајца вршители на должност на директор во ООУ „---------------------" и постапување спротивно на одребите од Законот за основно образование.

На ден 16.04.2026 година, до ДКСК доставено е барање заведено под архивски број 12-1695/2 со кое се повлекува пријавата поднесена до ДКСК на ден 07.04.2026 година и заведена под број 12–1695/1. Подносителите бараат ДКСК да не постапува по оваа пријава и наведуваат дека ја повлекуваат пријавата, поради тоа што по дополнително разгледување на пријавените наводи сметаат дека истите се невистини и се непоткрепени со релевантни докази.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По разгледување на предметната пријава, ДКСК утврди дека во предметниот случај од страна на подносителот на пријавата повлечена е доставената пријава, по што оцени дека нема елементи за свое натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r B.Xh., Член/Anëtar